- Продажбата на целокупното производство на плодовите ди преку еден центар кој со количествата и препознатливиот валитет на пазарите станува многу моќен во преговорите ри пласманот на плодовите на светскиот пазар. Кај нас ооперативите се сѐ уште во зародиш, производителите се азединети, производството не е унифицирано, а пласманот а плодовите го врши секој производител посебно со то самите меѓу себе креираат конкуренција, а нивната реговарачка моќ е многу мала. На светските пазари олемината на производството е клуч за успехот. Малите набдувачи немаат моќ да остварат ефективна комуникација о крајниот потрошувач на светските пазари и тогаш еминовно исчезнуваат.
- Во конзорциумот „Мелинда" доминира производство а сортата „златен делишес" која е препознатлива и барана а светските пазари. Кај нас доминира производството на ортата „ајдаред" која на развиените и моќни пазари нема исок рејтинг.
- Чувањето на плодовите се врши во организирани адилници опремени со најсовремена техника која возможува снабдување на пазарот со унифициран квалитет а плодовите во текот на целата сезона. Заради зачувување а довербата кај купувачите, од исклучително значење плодовите секогаш да бидат свежи, сочни, со крцкава онзистенција. Од овој аспект нашето производство далеку аостанува и затоа во иднина потребно е да се посвети осебно внимание.

Промоцијата има значајно влијание врз целокупниот успех во пласманот и финансискиот ефект од производството на јаболката. Интегралното производство на јаболката во главните производните региони во Италија поткрепено со имиџот создаден со добро креирана реклама и проверен квалитет е добар пример за маркетинг на јаболката. Брендирањето на јаболката како симбол за препознатлив квалитет, а поврзано со одредена територија е огромна можност за зголемување на вредноста на производството. Со оваа мерка многу полесно ќе се отвори пат кон пазарот и ќе се избори соодветно место во сѐ поголемата и поквалитетна конкуренција.

Понудата на јаболка на светските пазари е огромна поради што и конкуренцијата е многу силна. Ова практично значи на светските пазари може да се понудат само плодови со висок уедначен квалитет, спакувани по светски стандарди и задолжително палетизирани. Потребата на македонското производство да се приспособи или барем да се приближи до светските стандарди е очигледно неминовна со цел овој сектор да опстои.

Текстовите за јаболкото и трпезното грозје се подготвени во соработка со „Епицентар" во рамките на проектот „Fresh Fruits and Vegetables Value Chain" поддржан од Програмата Агбиз на УСАИД.

ЈУЛИ 2012 · 15

Translation:

Technology, promotion, cooperation – key for success

Web:	Date: July 2012 Issue

Note: The article was published in FFRM's (Federation of Farmers of Republic of Macedonia) monthly magazine "Moja zemja" as follow up of the Italy Study Tour organized for the fresh fruits and vegetables primary producers.

Print Media

Medium: Moja Zemja	Journalist: n/a

Title: Производство на трпезно грозје

ЛОЗАРСТВО Посета на италијанската компанија Giuliano Puglia Fruit

Производство на трпезно грозје

Пишува: Крум Бошков

Во рамките на студиското патување во Италија, во регионот Пулија, во околината на Бари, ја посетивме компанијата Giuliano Puglia Fruit. Компанијата е еден од најголемите производители и трговци со овошје во Јужна Италија, со сопствено производство на трпезно грозје и модерен центар за пакување со опрема за сортирање, чување и пакување на свежо овошје.

Компанијата произведува овошје на сопствена површина од околу 600 ха и откупува и пакува овошје како: цреши од април до јули, праски и нектарини од јуни до септември, цитруси од октомври до март, артички од октомври до април, кајсии од мај до јули, дињи од јуни до септември и грозје од јули до декември. Сите производи се пакуваат во рок од пет часа од бербата и пристигнуваат на крајната дестинација во Италија во рок од 24 часа, во остатокот од Европа за 48 часа, а во прекуокеанските земји за 72 часа.

Од трпезното грозје се застапени голем број сорти. Зависно од сортата или времето на зреење, насадите се покриваат со мрежи или пластични фолии. Со пластичните фолии можно е да се постигне забрзување или одложување на вегетацијата и времето на бербата, зависно од проектирањето и движењето на пазарот.

Компанијата Giuliano Puglia Fruit има лозов насад од сортата „палиери". Почвата е составена од варовнички и доломитни карпи. Климата е пријатна, медитеранска со умерени зими и лета, без големи амплитуди. Потпорната конструкција е одрина тип Бари со две нивоа на жици. Растојанието на садење меѓу редовите изнесува 2,2 м, додека меѓу лозите во редот е 2,5 м. Бројот на лози на еден хектар изнесува 1.818. Лаковите и кондирите се распоредени на три до четири краци со 10 окца на секој лак. Од овие насади се бере и пакува од 30 до 40 т/ха. Карактеристично за целиот регион, како и за насадот од „палиери" на компанијата Giuliano Puglia Fruit, е употребата на пластична фолија. Таа се растегнува во април веднаш по резидбата и стои до крајот на бербата. Се собира пред почетокот на новата резидба. Целта на оваа фолија, конкретно за овој насад, е да го одложи времето на зреење и да го продолжи времето на берба. Грозјето под фолија се бере од септември до декември. Се применува интегрална заштита со правилна примена на хемиски, физички и биолошки методи на заштита на виновата лоза. Фолијата како стрез ја заштитува лозата од атмосферски влијанија, дожд, град, ветрови. Поради отсуството на капки вода, значајно се намалува опасноста од пламеницата. Главната борба во заштитата е против пепелницата. Температурата под фолијата е пријатна, значајно пониска во однос на температурата на отворено, на директна сончева радијација. Грозјето се произведува според европските стандарди за квалитет и безбедност на храна, како GlobalGAP, BRC, IFS, ISO, EMAS и SA8000. Компанијата ги анализира резидуите од пестициди во грозјето во лабораториите на Земјоделскиот институт во Бари.

Користењето на оваа техника при производството на трпезно грозје би имало корисни резултати. Со примената на пластичната фолија во одгледувањето на трпезните сорти во Република Македонија ќе се намалат ризиците од високите температури, високата радијација, како и од врнежите кои често се јавуваат во периодот август-септември. Со примената на пластичната фолија добиваме изедначени и контролирани услови на производство. Производството не зависи од надворешните услови што дава можност за непрекината работа во текот на бербата и стандардизирање на производот по квалитет. На тој начин при употребата на пластичната фолија во Македонија ќе се овозможи и одредување на времето на берба кај една трпезна сорта од јули до октомври, зависно од потребите на пазарот.•

16 МОЈА ЗЕМЈА

ЈУЛИ 2012 | 17

Translation:

Production of table grapes

Web:	Date: July 2012 Issue

Note: The article was published in FFRM's (Federation of Farmers of Republic of Macedonia) monthly magazine "Moja zemja" as follow up of the Table Grapes Production Technology Trainings organized for the primary producers of table grapes.

Print Media

Medium: Moja Zemja	Journalist: n/a

Title: M9 – Синоним за интензивно производство на јаболка

Translation:

M9 – Intesive apple production

Web:	Date: August 2012 Issue

Note: The article was published in FFRM's (Federation of Farmers of Republic of Macedonia) monthly magazine "Moja zemja" as follow up of the Apple Production Technology Trainings organized for the primary producers of apple.

Print Media

Medium: Moja Zemja	Journalist: n/a

Title: Како до препознатлив и квалитетен производ

ОВОШТАРСТВО Брендирање и заштита на јаболкото

Како до препознатлив и квалитетен производ

Добар пример за технологии за модерно постбербено управување SmartFresh, кој се користи за контрола на процесот на зреење на јаболката за време на складирањето со минимизирање на ефектите на етилен на овошјето

Пишува: Славен Аљиновиќ, експерт за постбербени технологии за јаболко, Република Хрватска

Главен фактор кој го ограничува ширењето на македонската индустрија на јаболко е недостигот од знаење/практики од страна на производителите во врска со одредување на оптимални рамки за жетва на одредени видови јаболка. Моментно главните фактори за квалитет кои го определуваат тоа се традицијата, бојата и големината. Оваа ситуација го одразува фактот дека пазарите каде што моментално се извезуваат македонските јаболка се со помали барања, барајќи само овошјето да има убава боја и да биде со прифатлива големина. Како резултат на барањата на овие два фактора, многу малку производители користат напредни тестови како што се висина на шекер, густина и/или цврстина за утврдување на оптималното време за берба. Недостигот од модерни складишта за складирање/пакување е друг ограничувачки фактор за развој на извозот на македонското јаболко. Формирањето на модерни складишта за складирање/пакување ќе им овозможи на извозниците да го сочуваат високиот квалитет на јаболката за подолг период и да ги извезуваат кога глобалните цени на јаболка се високи.

Најдобар пример за технологии за модерно постбербено управување е SmartFresh, кој се користи за контрола на процесот на зреење на јаболката за време на складирање со минимизирање на ефектите на етилен на овошјето.

Покрај овозможувањето на долготрајно складирање, SmartFresh е ефикасен и во контролата на штетата од складирањето и во пролонгирањето на трајноста на јаболката откако ќе се отворат просториите за складирање. Сепак, очекуваните резултати со технологијата SmartFresh може да се постигнат доколку бербата на јаболка се постигне користејќи ги гореспоменатите тестови. Затоа, едуцирањето на производителите за управување со берба мора да се спроведе, бидејќи јаболка со висок квалитет се основен предуслов за успешно работење на просториите за складирање/пакување на јаболка.

Превенција од Superficial Scald на „грени смит" – во Хрватска 2011 (SmartFresh третирани и нетретирани примероци).

Друга рефлексија од моментниот недостиг на модерни капацитети за складирање/пакување на македонските јаболка кои би можеле да обезбедат подолго складирање е ситуацијата во синџирите на македонските супермаркети. Подоцна во сезоната (мај-јуни) овие продавачи најчесто увезуваат јаболка.

Супермаркет во Скопје (јули 2012)

Затоа треба да се развијат посебни програми за поддршка кои ќе им помогнат на македонските компании кои тргуваат со јаболка со сигурно финансирање за изградба на такви складишта. Сепак, со цел да се обезбеди одржливост на овие инвестиции, напредокот, исто така, мора да биде обезбеден и од страна на производителите.

Врз основа на моментните стандарди за квалитет, сортите на македонските јаболка најмногу се извезуваат на традиционалните пазари во регионот, како што се Албанија, Србија и Босна и Херцеговина. Потрошувачите во овие земји главно се водат од цената, обрнувајќи помалку внимание на изборот на сорти или квалитетот на овошјето. Сепак, каналите за дистрибуција рапидно се менуваат во последниве пет години, со главно локални и ЕУ-супермаркет синџири кои го зголемуваат присуството на овошјето и зеленчукот на пазарите. Како за илустрација, во Хрватска во последните 5-6 години синџирите на супермаркети се проширија од 20% на 70% со уделот на свежи производи на пазарот. Многу е важно да се нагласи дека супермаркетите во ЕУ имаат добро утврдени и развиени партнерства за тргување со големите компании за производство на јаболка, како што се VOG во Италија (произведува 650.000 тони јаболка).

Во врска со маркетингот, генерално има два типа на јаболка на глобалниот пазар. Брендираните јаболка се со повисока цена и преовладуваат на пазарите со повеќе барања, додека другите видови јаболка постигнуваат пониска цена и се присутни на посиромашните пазари.

Одличен пример за успешно брендирање се италијанскиот бренд Melinda или видови од сортата „Pink Lady".

Затоа, доколку македонските јаболкопроизводители извезуваат на нетрадиционални пазари, потребно е да се брендираат и да бидат препознаени како македонско јаболко.

Translation:

How to grow recognizable and hign quality product

Web:	Date: August 2012 Issue

Note: The article was published in FFRM's (Federation of Farmers of Republic of Macedonia) monthly magazine "Moja zemja" as follow up of the assignment of Mr. Slaven Aljinovic – expert for apple post harvest technologies.

Print Media	
Medium: Moja Zemja	**Journalist: n/a**

Title: Ако го вперите показалецот кон друг, останатите четири прсти се кон вас

Интервју со Damiano Avancato, консултант од Италија

Ако го вперете показалецот кон друг, останатите четири прсти се кон вас

Пишува: Стеван Орозовиќ

ЕПИЦЕНТАР Интернационал Скопје, во рамките на проектот " Fresh Fruits and Vegetables Value Chain" потпомогнат од Програмата Агбиз, USAID во текот на јули 2012, успеа да организира посета на еден од најдобрите меѓународни консултанти од земјоделието, г-динот Дамиано Аванцато. По неколкудневната посета и одржаната обука за производителите на трпезно грозје од Тиквешкиот регион, разговаравме накратко за неговите импресии од посетата во Република Македонија и идинината на овој сектор. Тој вели ако немате љубов кон агрономијата немате и успех, бидејќи од една страна таа значи специфична врска со природата и растенијата, а од друга страна со земјоделците. „Јас сум срекен бидејќи оваа врска ја изградив како наследство од татко ми, кој беше агроном и производител на трпезно грозје уште во шеесеттите. Нашето семејство во тоа време произведуваше трпезно грозје „реџина" на почетокот на шеесеттите, а нешто подоцна и сортата „италија" која стана популарна. Истовремено мојот татко ги советуваше земјоделците за технологиите и својот насад го користеше како демонстративна фарма.", вели Аванцато.

„Се прават многу грешки уште од поставувањето на насадите. Прво со изборот на земјата, или поточно соодветноста на подлогите во однос на земјата на која се поставува насадот. На пример во Република Македонија интензивно се користи Kober 5BB која има добро коренување и дава висок принос, но е со многу ниска резистентност кон суши и калциумови почви, исто така и SO_4 [која е послаба од Kober 5BB] е посоодветна за повеќето почви, но е сензитивна кон недостаток на магнезиум кој предизвикува физиолошки пореметувања", вели Аванцато

• Имавте можност да го видите производството на трпезно грозје во Република Македонија. Имајќи го предвид она што го видовте и слушнавте, дали мислите дека производството од нашата земја може да биде конкурентно на глобалниот или на европскиот пазар?

Глобалниот пазар претставува место без ограничувања во било која смисла. Глобалниот пазар поставува правила, креира потреба дури и ако таа не постои, наметнува мислење на потрошувачите, тој е движечката сила на производството, и тоа не само на земјоделието. Од една страна на тој пазар се поставуваат правила, стандарди за квалитет, изглед, количина, а од друга страна се креираат стандарди за потрошувачите, пакување, маркетинг, цена, приказна. Денеска како што гледате не постојат пречки ни за едното, ни за другото, стандардите за производство се толку јасни што се почитуваат од Чиле до Кореја, од Јужна Африка до Австралија. Транспортот веќе не е пречка, на секој пазар, па и во Република Македонија имате производи од цел свет. Внимавајте свежи земјоделски производи, што значи ако производете како што се бара, тогаш потрошувачот од глобалниот пазар ќе го бара вашиот производ. Производството на трпезно грозје во Република Македонија, во основа е на добар пат. Од една страна постојат многу добри примери во однос на производната технологија, примената на агротехничките мерки, а од друга страна пак, има основни грешки во поставувањето на насадите, изборот на земјата, губрењето и сл. Кај вас како и секаде во светот земјоделецот мисли дека знае се, и дека знаењето не му е потребно. Тоа води во основни грешки. Од друга страна она што меѓусебно го знаат земјоделците како техника, како искуство, ретко го споделуваат со другите. Овие се детски болести во земјоделството и додека полека не се надминат подалеку ќе сте од вистинска конкуренција на пазарот.

• Споменавте дека постојат основни грешки во земјоделството, кои се тие кај трпезното грозје? На што треба да внимаваат нашите земјоделци?

Да, спомнав дека се прават многу грешки уште од поставувањето на насадите. Прво со изборот на земјата, или поточно соодветноста на подлогите во однос на земјата на која се поставува насадот. На пример во Република Македонија интензивно се користи Kober 5BB која има добро коренување и дава висок принос, но е со многу ниска резистентност кон суши и калциумови почви, исто така и SO_4 [која е послаба од Kober 5BB] е посоодветна за повеќето почви, но е сензитивна кон недостаток на магнезиум кој предизвикува физиолошки пореметувања. Затоа моја препорака е да се оди кон користење на Paulsen 1103 и 779, кои се порезистентни на глинени и калциумови почви, како и Ruggeri 140, многу отпорен на суши и кисели почви, и Richter 99 и 110 кои се отпорни и на калциумови, глинени и кисели почви. Друг пример е изборот на сортата. При изборот се земаат во предвид помолошките и агрономските параметри. Грозјето треба да поседува атрактивен грозд, со големи, сјајно обоени зрна, со цврста текстура, со униформен изглед и величина и добра арома. Во тој смисла она што би препорачал се: Italia muscat, Victoria, Red Globe, Sugraone seedless, Michele Palieri, Crimson seedless и други. Ова се однесува на високо пребирливите европски пазари, но секој пазар ја диктира сортата, затоа при избор треба да се внимава и за кој пазар се произведува.

• Нашето производство трае многу кратко, а со тоа и присуството на пазарите ни е ограничено. Кој е вашиот став за продолжување на сезоната за производство кај нас?

Најголем дел од сортите на трпезно грозје созреваат во периодот од јули до крајот на септември. Во минатото се среќаваме со проблем на огромна понуда за краток временски период. Но, во последните 40 години производствената технологија отиде напред и комплетно го смени календарот за берба. Има група на сорти кои според аплицираната технологија можат да се берат подоцна (подоцна созреваат) или порано, што е резултат на применетите мерки за производство. Денеска грозјето може да го најдеме на пазар во текот на целата година, а неговата берба се случува од мај до декември. Вакаиот календар овозможува повисока цена во одредени временски период, но и постабилен бизнис.

• Господине Аванцато кои се пазарните барања во моментот за трпезно грозје, кои чекори се применуваат за да се подготви грозјето за пазарот?

Чекорите на обработка вклучуваат сортирање на гроздовите и отстранување на оние кои не одговараат на класата и квалитет или на гроздовите со аномалии според барањата на пазарот, изборот на пакување, прилагодување на соодветниот број на гроздови со нивна заштита во внатрешноста со бели сунѓери кои ќе спречат оштетување за време на транспортот како и тежината. Најчесто користено пакување е со користење на картон или дрво како и садови. Тежина на грозјето варира од 0,5кг до 1 кг по сад до 12 кг по пакување во картонски кутии и дрвени гајби. Пакувањата се наредени едни врз други и се транспортираат во климатизирана просторија до пазарите или центрите на користење. Кога температурите се многу високи, за да се зачува свежината, грозјето мора да се пренесува во климатизиран простор и во ладилници (ако мора да се чува неколку дена) или се применува ултра-брзо ладење во со вакуум (каде што се транспортот се врши во еден ден). Во овој случај, температурата на грозјето се намалува за кратко време до 1° C и веднаш се предфла во камиони со контролирана температура за време на транспортот. Тоа се некои основни чекори за кои треба да се внимава.

• За крај, вашата порака за македонските производители на трпезно грозје?

Мојата порака е едноставна, да продолжат да работат со љубов и со оптимизам во земјоделството. Времињата се тешки за секој, стимулациите ретки, производството напорно, а наплатата долга. Во таков случај секогаш е лесно да го насочиме показалецот кон некој, во наш случај тоа е најчесто државата и да кажеме дека таа е крива. Но, да не заборавиме, секогаш кога тоа го правиме со показалецот, останатите четири прста се насочени кон нас. Тоа можеме сами да го поправиме, бидејќи само тоа е патот кон успехот.

22 | МОЈА ЗЕМЈА

Translation:

If you point the finger to someone, other four are directed to you

Web:	**Date: September 2012 Issue**

Note: The article was published in FFRM's (Federation of Farmers of Republic of Macedonia) monthly magazine "Moja zemja" as follow up of the assignment of Mr. Damiano Avazato – expert for post harvest technologies.

Print Media	
Medium: Moja Zemja	**Journalist: n/a**

Title: Винарската визаба – кооператива и главен организатор на производството

ЛОЗАРСТВО Добар пример од Алто Адиџе, Италија, за решавање на проблемите со грозјето

Винарската визба - кооператива и главен организатор на производството

Пишува: проф. д-р Крум Бошков

„Erste + Neue Keller-eigenossenschaft" е винарска визба која е носител на кооперативата и главен организатор на производството. Таа дава совети и директиви за начинот на изведување на агротехничките мерки, резидбата на виновата лоза и очекуваниот принос и квалитет на грозјето. Лозарите се обврзани да го предадат грозјето во винарската визба. Вината кои се произведуваат во винарската визба, зависно од сортата и квалитетот што го постигнуваат, носат ознаки за географското потекло и за квалитетот, според законската регулатива. Главната насока што ја дава винарската визба е ограничување на приносот. За помалку квалитетните вина, приносот се ограничува на 12 т/ха, а за повисоките категории на квалитет, помалку од 10 т/ха, повторно зависно од сортата и од ознаката за географско потекло и квалитет.

Лозаро - винарската индустрија на Република Македонија во последната деценија е во постојана криза и неодржливост. Главните проблеми се неисплаќањето на грозјето на лозарите и одвоеноста на лозарите и винарите како да припаѓаат на различни сектори. Неодамнешната посета на регионот Алто Адиџе во Италија, организирана од страна на ЕПИЦЕНТАР во рамките на Програмата Агбиз, покажа дека решението е многу едноставно. Суштината на успешното производство е квалитетот на грозјето. Од квалитетно грозје се произведува квалитетно вино. За да се создаде одржлив ланец меѓу лозарите и винарите, лозарите треба рамноправно да учествуваат во цената на виното односно профитот. Во тој случај лесно е да се договори начинот на производство, ограничувањето на приносот и времето на берба.

Здружувањето на производителите во кооперативи, здруженија, организации, се случува од економската логика. Глобалниот пазар, покрај квалитетот, бара и поголеми количества на производи што може да се добие само со здружување на производните капацитети. Во регионот на Трентино Алто Адиџе, здружувањето на производителите е школски пример за успешни кооперативи. Регионот се простира во алпскиот дел на Италија, но географски се означува како Јужен Тирол, што укажува дека припаѓа на пошироката област Тирол, која се простира во три држави: Австрија, Швајцарија и Италија. Планините се изградени од доломитни и варовнички карпи. Меѓу планините течат реки кои заедно со дождовите вршат постојана ерозија на карпите и создаваат богати, плодни долини.

Планините и ридовите стрмно се издигнуваат над долините. Вертикално, на мало растојание може да се видат насади на 200 до 800 метри надморска висина. Целиот регион е под дејство на медитеранската клима која овде е максимално ублажена создавајќи пријатни воздушни бањи.

Во 1900 година, 70 лозари од Калтерн го формираат првото лозаро-винарско здружение „Erste Kellereigenossenschaft". Цела на здружувањето била да го подобрат производството и продажбата на вино. Во 1925 година е формирано уште едно здружение под името „Neue Kellereigenossenschaft" во превод нова винарска кооператива. Овие две кооперативи се здружуваат во 1991 година во една под името „Erste + Neue Kellereigenossenschaft". Денес 500 лозари го носат своето грозје во оваа винарска визба за преработка и производство во вино. Вкупната површина изнесува 280 ха, со просечна големина на едно лозје од 0,5 ха. Се одгледуваат локалните сорти за Јужен Тирол како што се Gewürztraminer, Lagrein и Vernatsch (Schiava), исто како и познатите сорти Chardonnay, Pinot Noir, Cabernet и Merlot, Pinot Blanc и Sauvignon.

Винарската визба е носител на кооперативата и главен организатор на производството. Дава совети и директиви за начинот на изведување на агротехничките мерки, резидбата на виновата лоза и очекуваниот принос и квалитет на грозјето. Лозарите се обврзани да го предадат грозјето во винарската визба. Вината кои се произведуваат во винарската визба, зависно од сортата и квалитетот што го постигнуваат, носат ознаки за географското потекло и за квалитет, според законската регулатива. Главната насока што ја дава винарската визба е ограничување на приносот. За помалку квалитетните вина, приносот се ограничува на 12 т/ха, а за повисоките категории на квалитет, помалку од 10 т/ха, повторно зависно од сортата и ознаката за географско потекло и квалитет.

Постојат повеќе вакви примери во Европа и затоа споделувањето вакви информации нека биде стимул за понатамошна поширока соработка помеѓу производителите на винско грозје и винариите.

Имајќи предвид дека нашите производители се слични по обемот на производство, ваквите искуства се одлична основа за потребата и можностите за здружување за подобрување на состојбите во целиот сектор. ●

Цената на грозјето варира. Најниска цена за килограм грозје изнесува 0,9 евра, потоа 1,8 евра за „шардоне", „совињон бел", „ризлинг" до 2,5 евра за кг грозје од сортите „траминец" и „каберне совињон".

Всушност, смислата на кооперативата се гледа токму во цената на грозјето. Основна девиза на оваа кооператива е дека виното се прави од грозјето кое е резултат на климата, почвата, сортата и технологијата на производство на грозје и вино. Затоа, со високите цени на грозјето лозарите учествуваат со значаен процент во цената на виното. Цените на вината се движат од 5 до 15 евра, некои врвни вина до 25-50 евра, но просечно за поголемо количество изнесува околу 8-9 евра. Една груба процёнка покажува дека лозарите учествуваат со 30% во цената на виното. Приходот на лозарите од 1 ха лозје од сортата „шардоне" би бил околу 10.000 евра или кај „каберне совињон" околу 20.000 евра.

24 · МОЈА ЗЕМЈА

СЕПТЕМВРИ 2012 | 25

Translation: **Wine cellar – cooperative and organizer of production**	
Web:	**Date: September 2012 Issue**

Note: The article was published in FFRM's (Federation of Farmers of Republic of Macedonia) monthly magazine "Moja zemja" as follow up of the Italy Study Tour organized for the fresh fruits and vegetables primary producers.

Print Media

Medium: Moja Zemja	Journalist: n/a

Title: Подготовка на почвата за градинарите

ГРАДИНАРСТВО Биофумигација

Подготовка на **почвата** за градинарите

Биофумигацијата, во комбинација со соларизација, веќе широко се применува кај производителите на органски градинарски производи. Ја подобрува структурата на почвата, ја збогатува со органски материи и претставува релативно евтин и ефикасен начин за справување со почвените болести и штетници во градинарското производство

Пишува: проф. д-р Гордана Попсимонова

Градинарите произведуваат по две до три култури во текот на годината. Поради ограниченост простор, некои од нив имаат проблем со воведувањето плодоред. Тоа посебно се однесува на производителите во заштитени простори (тунели, пластеници, стакленици). Причината поради која е неопходно воведување на плодоред е намалување на појавата на почвени болести и штетници. Тие се различни за различни култури, или поконкретно, различни фамилии на култури. Почвените болести и штетници што ги напаѓаат домаќот, пиперката или краставицата, не го напаѓаат грашокот, боранијата или бостанот. Како за несреќа, токму оние култури кои се најисплатливи за одгледување и трговија не сметаат да се одгледуваат последователно. Резултатите од долгогодишно одгледување во монокултура, односно слаба примена или отсуство на плодоред, се зголемена употреба на производи за заштита на растенија, зголемена употреба на ѓубрива, а намален принос. Како да се реши овој проблем?

Зада се преземат соодветни чекори, треба да се препознае непријателот што го имаме во почвата. По завршетокот на вербата, во почвата остануваат патогени габи, бактерии, нематоди, инсекти, семчиња од разни плевели. Тоа значи дека од производите за заштита на растенијата се потребни: фунгицид, бактерицид, нематоцид, инсектицид и хербицид за да ја подготвиме почвата за следната култура. Единечната операција со која се контролираат сите почвени проблеми се нарекува дезинфекција на почвата. Постарите производители ќе се сетат дека порано леите за расад, посебно оние за одгледување тутун, како и стаклениците, се дезинфицираа со метил бромид. Метил бромидот е фумигант. Тоа значи дека во форма на гас навлегува во секоја почвена пора и ги уништува горенаведените почвени патогени и штетници. Запарување е другиот начин на решавање на проблемот, со тоа што фумигацијата се врши со водена пареа. Метил бромидот е забранет за употреба, а водената пареа е пресхата. Природната комбинација од овие два типа на фумигација е биофумигација во комбинација со соларизација. Биофумигацијата, во комбинација со соларизација, веќе широко се применува кај производителите на органски градинарски производи. Ја подобрува структурата на почвата, ја збогатува со органски материи и претставува релативно евтин и ефикасен начин за справување со почвените болести и штетници во градинарското производство.

Соларизација – Македонија се одликува со екстремни температури во текот на летото. По завршувањето на вербата во пластениците, почвата треба да се заора до длабочина од 20 см и добро да се наводни – до полн капацитет. Почвата да се прекрие и да се вкопа од страните со тенка провидна полиетиленска фолија (0,2 мм). Ако не е можно да се покрие целата површина, тогаш може да се пуштат ленти во широчина од 40 до 50 см (кои исто така треба да се вкопаат) на редовите каде што биле старите растенија. Пожелно е тунелот или пластеникот да не се отвораат во текот на три недели. Под влијание на топлината од сонцето, водата во почвата ќе стане водена пареа. Тоа е воедно причината поради која фолијата треба да биде провидна. Ако е црна, тогаш ќе се загрева само површинскиот дел на почвата. За време од три недели и температура од 45ОС, колку што се очекува да има почвата, најголем дел од патогените ќе бидат уништени. Оваа постапка се препорачува и за тресетот кој се употребува при правењето на градинарска почва, посебно за уништување на плевелните остатоци.

Комбинација со непрегорено арско ѓубре

Друг вид на ваква комбинација може да се направи со непрегорено арско ѓубре (кравјо) во количество од 5 до 7 кг на квадратен метар. Рамномерно се распоредува по целата површина, или во ленти, и се заорува до длабочина од 20 см. Заорана почва богато се наводнува и се прекрива со провидна полиетиленска фолија, вкопана по краевите. Така покриена, останува три недели. На тој начин, покрај стандардните патогени во почвата, се ослободуваме и од семчињата од плевели кои инаку се наоѓаат во арското ѓубриво. Во случаи кога се применува биофумигација со арско ѓубриво, треба да се намали прихраната со азотни ѓубрива затоа што почвата делумно е веќе обезбедена со азот при оваа постапка.

Биофумигација – Зелката во своите листови и корен содржи активни материи (гликозинолати) кои се ослободуваат кога листовите и коренот ќе се раздробат. Под влијание на ензимите во почвата, овие материи се однесуваат како фумиганти, односно ослободуваат изотиоцијанати. Оваа пролет, за жал, производството на зелка потфрли и голем дел остана на нивите. Можеше да се искористи барем за дезинфекција на почвата. За ефикасна биофумигација доволни се 5 кг биомаса за еден квадратен метар. Под биомаса подразбираме листови и коренот кои остануваат на нива (непазарниот дел од зелката). Со заорувањето на остатоците од зелката во длабочина на кореновата зона (20 см) воедно се збогатува почвата со органска материја, т.н. зелено ѓубриво, а од друга страна се врши биолошка фумигација на почвата. Заорканата површина, повторно, треба да се покрие цела или во ленти да се покрие со провидна фолија.

Во што се состои комбинацијата соларизација «биофумигација? Ако остатоците од зелка по заорувањето се наводнат и се покријат со провидна фолија, ќе се забрза и интензивира процесот на разградување на активните материи и со помош на водената пареа ќе се овозможи насочено и посеопфатно уништување на почвените болести и штетници. Многу е битно постапката на ситнење на зелковите остатоци, наводнувањето и покривањето да се одвиваат брзо, затоа што станува збор за испарливи материи кои релативно брзо, во текот на неколку часа, ќе се изгубат во воздухот. Исто така, важно е да се знае дека активните материи се ослободуваат исклучително од оштетени ткива на зелката. Ако не се исситнети коренот и листот, нема да се постигне никаков ефект.

Translation:

Preparation of the soil for the vegetable growers

Web:	Date: October 2012 Issue

Note: The article was published in FFRM's (Federation of Farmers of Republic of Macedonia) monthly magazine "Moja zemja" as follow up of the vegetable production technology training.

Print Media

Medium: Moja Zemja	Journalist: n/a

Title: Зрното е квалитетно поголемо и цврсто

Пишува: проф. д-р Крум

Силата на ронење или прицврстеноста на зрното за дршката е значаен показател за транспортабилноста на грозјето. Силата на ронење на едно зрно би требало да биде поголема неколку пати од сопствената тежина на зрното, односно да биде доволна да не се откине при транспортот. Таа се менува по големина во текот на вегетацијата и постепено опаѓа со достигнување на зрелоста. Во нашите испитувања може да се види дека силата на ронење кај зрната од гроздовите кои се одгледувани под мрежа е поголема за 35,5 грама во однос на грозјето одгледувано на отворено. Кај грозјето под мрежа, горните зрна имаат просечна големина на сила на ронење од 540 грама во однос на 255 грама кај долните зрна. Кај грозјето одгледувано на отворен простор, силата на ронење е поголема кај долните зрна од 443 грама во однос на 281 грама кај горните зрна.

Цврстина на зрно	Отворено		Мрежа	
	Горни зрна	Долни зрна	Горни зрна	Дол
1	7.600	3.200	6.400	
Повт. 2	4.100	2.650	5.700	
3	2.800	2.700	5.880	
4	3.250	6.800	3.900	
5	5.200	5.300	4.600	
6	2.400	3.250	4.700	
7	6.450	4.450	4.700	
8	3.780	4.950	5.900	
9	2.950	2.800	4.050	
10	4.350	2.310	4.750	
Просек 1	4.288	3.841	5.058	
Просек 2	4.064,5		4.414	

Цврстината на зрното е показател кој се однесува на силата која е потребна да се скине лушпата на зрното. Тоа е значаен показател за транспортабилноста на една сорта во случаи кога доаѓа до поместување на гајбите и контакт помеѓу гајбите и зрната.
Во нашите испитувања се забележани значајни промени во цврстината на зрното. Кај грозјето од варијантите со мрежа е забележана цврстина на зрно од 4.414 грама што е повеќе за околу 400 грама во однос на варијантите со одгледување на отворен простор. Кај двете варијанти е забележана дека цврстината на лушпата е поголема кај горните зрна во однос на долните зрна.

Сила на ронење	Отворено		Мрежа	
	Горни зрна	Долни зрна	Горни зрна	Долни зрна
1	160	380	440	230
Повт. 2	180	490	890	210
3	220	380	480	230
4	240	540	600	190
5	280	360	370	330
6	480	340	270	250
7	420	480	280	220
8	480	420	560	260
9	220	480	880	270
10	130	560	630	360
Просек 1	281	443	540	255
Просек 2	362		397,5	

Ефектите од употребата на мрежа кај трпезното грозје ЛОЗАРСТВО

ер	г/л	Отворено		Мрежа	
		Горни зрна	Долни зрна	Горни зрна	Долни зрна
	1	15,0	15,5	13,5	13,0
	2	15,0	11,0	13,5	11,5
	3	14,0	11,0	13,0	11,0
	4	15,5	16,5	14,0	12,0
	5	14,0	15,0	14,0	14,0
	6	14,0	14,0	12,0	13,0
	7	15,0	15,0	15,0	14,0
	8	16,0	14,0	12,0	14,0
	9	16,0	13,0	11,0	14,5
	10	17,0	14,5	12,0	14,5
	К 1	15,2	14,0	13,0	13,2
	К 2	14,6		13,1	

од најпроблематичните теми озаро-винарското производ- бербата на грозје со помала сина на шекер. Навиката е да ре грозје со содржина на 180 онекогаш и до 240 г/л. Вакво- зје тешко се чува во ладилник ди високиот коефициент на ди-

шите испитувања кај две- ријанти постигнавме одлич- држина на шекер под 180 г/л и сортна карактеристика за та Виктрија. Содржината на во грозјето одгледувано на

отворено изнесува во просек 14,6% што е за 1,5% повисока содржина во однос на грозјето одгледувано под мрежа. И двата грозда според хемискиот состав одговараат на европските стандарди, но кај грозјето одгледувано под мрежа е изразена содржината на шекер на горните и долните зрна.
Изедначеноста на карактеристиките кај грозјето одгледувано под мрежа му дава предност во однос на грозјето одгледувано на отворено каде што постои разлика во бојата и содржината на шекери, вкупни киселини и боја. Европските стандарди наложуваат изедначеност на карактеристиките на зрната на еден грозд.

Текстовите за трпезното грозје и биофумигација се дел од активностите на проектот на Програмата АгБиз, финансиски поддржана од УСАИД, за поддршка на вредносниот синџир за свежо овошје и зеленчук кој го имплементира ЕПИЦЕНТАР Интернационал во соработка со ФФРМ, како дел од активностите на Програмата АгБиз, финансиски поддржана од УСАИД.

Translation:

Large and quality grains

Web:	**Date: October 2012 Issue**

Note: The article was published in FFRM's (Federation of Farmers of Republic of Macedonia) monthly magazine "Moja zemja" as follow up of the table garape production technology training.